РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-591
10.04.2018 година
СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
19-04-2018
08 270/17

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11); а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 17-11/4 од 12.07.2017 година за акредитација на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 08-270/5 од 23.02.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-591 од 26.02.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-591 од 30.03.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 03.04.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-591 од 05.04.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

Доставена до:
- Именуваните
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-569
10.04.2018 година
СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
09 2706

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 17-11/3 од 06.02.2018 година за акредитација на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-173/5 од 22.02.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-69 од 23.02.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-569 од 17.03.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 13.03.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-569 од 15.03.2018 година, каде е наведено дека за студиска програма од втор циклус едногодишни студии по Интеррелигиски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

Доставена до:
- Именуваните
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити